Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 50-14213/4
31.12 2020 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 70-в став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ ШТО ГИ КОРИСТАТ НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2021 ГОДИНА

1. Со оваа програма се определуваат видот и носителот на активностите и износот на планирани финансиски средства за изградбата на нови објекти од областа на културата и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година.

2. Со оваа програма се планира да се реализираат следниве активности:

| Ред. бр. | Опис на активноста | Носител на активноста | Износ на финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на објект наменет за НУ Турски Театар во Скопје | НУ Турски Театар | 27 000 000,00 денари |
| 2. | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ ЦК „Ињо Антески – Смок" Тетово | 89 500 000,00 денари |
| 3. | Изградба на „Стар театар" во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица | 27 000 000,00 денари |
| 4. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев" – Куманово, зграда на театар | Министерство за култура | 10 000 000,00 денари |
| 5. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ | Министерство за култура | 10 000 000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Центар за култура „Бели Мугри“ - Кочани | | |
| 6. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ ЦК „АСНОМ“ – Гостивар | НУ Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар | 10 000 000,00 денари |
| 7. | Обезбедување на проектно - техничка документација за реконструкција на објектот на НУ Музеј на Република Северна Македонија | Министерство за култура | 6 000 000,00 денари |
| 8. | Обезбедување на проектно - техничка документација за реконструкција на објектот на театарот при НУ ЦК „Марко Цепенков“ - Прилеп | Министерство за култура | 6 000 000,00 денари |
| 9. | Обезбедување на проектно - техничка документација за реконструкција на објектот на НУ ЦК „Антон Панов“ - Струмица | Министерство за култура | 5 500 000,00 денари |
| 10. | Обезбедување на проектно - техничка документација за реконструкција на објектот на НУ Национална Галерија на Македонија – Мала станица | Министерство за култура | 5 500 000,00 денари |
| 11. | Изведување на завршни работи за објект Театар во Велес | Министерство за култура | 3 000 000,00 денари |
| 12. | Изведба на дополнителни системи за ладење во технички простории во објект Македонска филхармонија | Министерство за култура | 4 000 000,00 денари |
| 13. | Изведба на систем за гасификација на објектот на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ - Куманово | НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово | 2 300 000,00 денари |
| 14. | Изведба на санација на системот за греење на објекто НУ Национална Галерија на Република Северна Македонија | НУ Национална Галерија на Република Северна Македонија | 1 200 000,00 денари |

3. Финансиските средства за реализација на активностите од точка 2 од оваа програма во износ од 207 000 000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, Раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, програми – 41, 49, 50 и 84 од ставките 482 – други градежни работи.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на веб-страницата на Министерството за култура, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Министерство за култура,
Министер
Ирена Стефоска